РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

03.10.00.ПЦ.004.02

# ПРОЦЕДУРА
# ЗА НАБАВКИ СО ПРОЦЕНЕТА ВРЕДНОСТ БЕЗ ДДВ ЗА КОИ НЕ СЕ ПРИМЕНУВА ЗЈН

Ноември 2021

# Содржина

1. ИСТОРИЈА НА ДОКУМЕНТОТ ........ 3

2. ОПСЕГ И ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА ........ 3

3. ДЕФИНИЦИИ И КРАТЕНКИ ........ 4

4. ВРСКА СО ДРУГИ ДОКУМЕНТИ ........ 4

5. ОДГОВОРНОСТИ И ОВЛАСТУВАЊА ........ 5

6. ПОСТАПКА (ЧЕКОРИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕДУРАТА) ........ 5

6.1 Достава на Барање за обезбедување финансиски средства ........ 5
6.2 Одговор од Сектор за финансики прашања ........ 5
6.3 Праќање покани до фирми-потенцијални понудувачи ........ 6
6.4 Реализирање на набавката ........ 6
6.5 Квартална евиденција во ЕСЈН ........ 7

7 КОНТРОЛА ........ 7

8. ЗАПИСИ ........ 8

# 1. Историја на документот

| Издание | Датум на издание | Опис | Направени промени | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Опис на промената | Променети страници/ точки/глави |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| 01 | 11.11.2019 | Прво издание | | |
| 02 | 09-11-2021 | Второ издание | Измена и дополнување | Точка 2, 6.1, 6.2, 6.3, 6.4, 6.5 и 7 |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

# 2. Опсег и област на примена

Процедурата се применува за набавки со проценета вредност без данок за додадена вредност (во натамошниот текст: ДДВ) за кои не се применува Законот за јавни набавки (чл.40 од законот), и тоа:

- при вршење на набавки на стоки или услуги или за конкурс за избор на идејно решение со проценета вредност помала од 1.000 евра во денарска противвредност без ДДВ или
- за набавка на работи со проценета вредност помала од 5.000 евра во денарска противвредност без ДДВ или
- за набавка на посебни услуги со проценета вредност помала од 10.000 евра во денарска противвредност без ДДВ.

Воедно, вкупната вредност на набавките со горенаведените лимити во тековната година НЕ СМЕЕ ДА НАДМИНЕ 12.000 евра во денарска противвредност без ДДВ.

Процедурата е наменета за вработените и раководните лица на Секторот за финансиски прашања и Секторите баратели, со цел овозможување на брзо, ефикасно, квалитетно и навремено снабдување на Царинската управа со одредени

стоки, услуги, посебни услуги и работи кои не ги надминуваат горенаведените лимити на годишна основа.

Оваа процедура стапува на сила со денот на нејзино донесување.

Со стапување на сила на оваа Процедура престанува да важи 03.10.00.ПЦ.004.01 Процедурата за набавки со проценета вредност без ДДВ за кои не се применува Законот за јавни набавки бр. 01-081753/19-0001 од 11.11.2019 година.

## 3. Дефиниции и кратенки

| Термин или кратенка | Значење |
|---|---|
| СФП | Сектор за финансиски прашања |
| Сектор барател | Сектор кој има потреба од набавка на стоки или услуги или за конкурс за избор на идејно решение со проценета вредност помала од 1.000 евра во денарска противвредност без ДДВ или за набавка на работи со процената вредност помала од 5.000 евра во денарска противвредност без ДДВ или за набавка на посебни услугисо процената вредност помала од 10.000 евра во денарска противвредност без ДДВ |
| Посебни услуги | Здравствени, социјални и поврзани услуги, административни социјални услуги, образовни, услуги за здравствена заштита и услуги од областа на културата, хотелски и угостителски услуги, услуги за истрага и безбедност, поштенски услуги и други |
| Подносител на Барање за набавка | Раководно лице на Секторот барател |
| ЕДМС | Електронски систем за управување со документи |
| ЕСЈН | Електронски систем за јавни набавки |
| БЈН | Биро за јавни набавки |
| ЗЈН | Закон за јавни набавки |

## 4. Врска со други документи

Процедурата за набавки со проценета вредност без ДДВ за кои не се применува ЗЈН е поврзана со следните акти кои се објавени во Депозитарот согласно Процедурата за депозитар на документацијата:

- Упатство за работа со електронскиот систем за управување со документи,
- Корисничко упатство за електронско потпишување на документи,

- Закон за архивски материјал,
- Уредба за канцелариско и архивско работење,
- Процедура за управување со записи,
- Упатство за изглед и структура на документација во Царинската управа,
- Наредба за бројот на печатени оригинални примероци и копии по видови на документи кои се обработуваат во ЕДМС во Царинска управа,
- Правилник за видовите на посебни услуги кои се предмет на договорите за јавни набавки на услуги („Сл. весник на РСМ“ бр. 64 /2019).

## 5. Одговорности и овластувања

Одговорни за спроведување на Процедурата за набавки со проценета ведност без ДДВ за кои не се применува ЗЈН се СФП и Секторите баратели.

Одговорни за предлагање на измени или дополнувања на оваа Процедура се вработените во Одделението за јавни набавки.

## 6. Постапка (Чекори за спроведување на процедурата)

### 6.1 Достава на Барање за обезбедување финансиски средства

Процедурата за набавка на стоки или услуги или за конкурс за избор на идејно решение со проценета вредност помала од 1.000 евра во денарска противвредност без ДДВ, или за набавка на работи со процената вредност помала од 5.000 евра во денарска противвредност без ДДВ или за набавка на посебни услуги со проценаta вредност помала од 10.000 евра во денарска противвредност без ДДВ, започнува со изработка и достава на Барање за обезбедување финансиски средства на образец 03.10.00.ПЦ.004.02-ОБ.01.02.

Барањето треба да се потпише/овери од раководното лице на Секторот барател и да се достави преку ЕДМС до СФП.

### 6.2 Одговор од Сектор за финансики прашања

По добивање на Барањето, СФП - Одделение за буџетска координација и контрола согласно планираните и расположливите финансиски средства во буџетот за тековната година врши анализа и проверка дали може да се обезбедат бараните финансиски средства, како и врши проверка дали вкупната вредност на набавките под вредносните прагови наведени во точка 2 од оваа Процедура го надминува или не лимитот од 12.000 евра во денарска противредност без ДДВ во тековната година, пропишан во чл. 40 став 6 од ЗЈН. По извршените проверки изработува Одговор на барањето на образец Интерна комуникација. Истото треба да се

потпише/овери од раководното лице на СФП и да се достави преку ЕДМС до Секторот Барател.

Доколку одговорот е позитивен, односно СФП потврди дека може да се обезбедат потребните финансиски средства и дека се исполнети условите за реализација на конкретната набавка, Секторот Барател може да започне со активности за предметната набавка.

Набавката нема да се спроведува/реализира доколку одговорот е негативен, односно доколку СФП одговори дека не може да се обезбедат потребните финансиски средства и/или дека не се исполнети условите за реализација на конкретната набавка.

### 6.3 Праќање покани до фирми-потенцијални понудувачи

По добивање на позитивен одговор од СФП, со цел да се обезбеди економски најповолна понуда Секторот барател изработува и испраќа Покана до неколку фирми кои може да ја реализираат набавката за да истите достават понуди/профактури за предметната набавка.

Поканата се изработува на образец Надворешна комуникација и треба да се потпише од раководното лице на Секторот барател. Заедно со Поканата се доставува спецификација на набавката (Опис и количина на потребни стоки или услуги кои се предмет на набавката, заедно со евентуални специфичните услови на набавката, начин, рок и место на испорака на стоките или извршување на услугите или раотите).

Поканите може да бидат пратени до фирмите-потенцијални понудувачи и преку електронска пошта на нивната официјална е-маил адреса.

Во случај кога се работи за специфичен вид на услуги или стоки а за кои од досегашното искуство во Царинската управа немало услови да се доставуваат покани за понуди/ профактури одредбите од ставовите 1, 2 и 3 од оваа точка не се применуваат.

### 6.4 Реализирање на набавката

После разгледување на добиените понуди, Секторот барател врши избор на најповолна понуда водејќи сметка износот на најповолната понуда да не го надминува износот обезбеден од СФП и го известува избраниот најповолен понудувач да ја реализира набавката.

За известувањето/нарачката се изработува допис на образец Надворешна комуникација, кој се потпишува од одговорното лице на Секторот барател.

Известувањето/нарачката може да биде пратена од Секторот барател до најповолниот понудувач и преку електронска пошта на е-маил адресата посочена во доставената понуда/профактура, со повикување на бројот на доставената понуда/профактура.

Одредбите на ставовите 1, 2 и 3 од оваа точка се применуваат доколку се испратени покани согласно одредбите на точка 6.3 од оваа Процедура.

### 6.5 Квартална евиденција во ЕСЈН

СФП - Одделение за буџетска координација и контрола е должно континуирано да води евиденција за извршените плаќања по фактурите од реализираните набавки со проценета вредност без ДДВ кои се спроведени согласно оваа Процедура, односно за кои не се применува Законот за јавни набавки, согласно чл.40 од истиот закон.

СФП - Одделение за буџетска координација и контрола е должна најдоцна во рок од 10 (десет) дена по истекот на секој квартал да ги евидентира и објави податоците за реализираните набавки во предметниот квартал, согласно насоките дадени од БЈН во Упатството за пополнување на квартална евиденција. **Кварталната евиденција се објавува во ЕСЈН и во случај кога немало набавки во кварталот.**

## 7. Контрола

Оваа процедура се проверува од помошник директорот на Секторот барател и помошник директорот на СФП со верификација на документите:

- Барање за обезбедување финансиски средства,
- Одговор од СФП,
- Покана за поднесување понуди/профактури до потенцијални понудувачи (доколку е постапено согласно точка 6.3 од Процедурата),
- Известување/нарачка до избраниот најповолен понудувач (доколку е постапено согласно точка 6.4 од Процедурата).

Оваа Процедура се проверува исто така и од Тимот на интерни проверувачи при интерните проверки, согласно планот за интерни проверки, и од екстерните проверувачи – сертификациона куќа, согласно планот за екстерни проверки на системот за менаџмент со квалитет.

Исто така, контрола на спроведувањето на оваа Процедура вршат и Одделението за внатрешна ревизија и Секторот за професионална одговорност во рамките на нивните надлежности.

Ако се утврди отстапување од оваа Процедура, неусогласеност или потенцијална неусогласеност на процедурата се постапува по процедурите за неусогласеност и корективни мерки.

## 8. Записи

- 03.10.00.ПЦ.004.02-ОБ.01.02 (Барање за обезбедување финансиски средства )
- Интерна комуникација (Одговор од СФП)
- Надворешна комуникација (Покана за поднесување понуди/профактури до потенцијални понудувачи)
- Надворешна комуникација (Известување/нарачка до избраниот најповолен понудувач)

в.д. Директор,
м-р Славица Кутиров

Бр. 01-081753/19-0003
Скопје, 09-11-2021 г.

Изработил: Мирјана Станоева
Одобрил: Зоран Петковски

Процедурата ја подготви: Сектор за административни и технички работи, Одделение за јавни набавки

Приматели: Директор,
Заменик директор,
Советници на директорот,
Помошници директори на сектори,
Началници на независни одделенија
Управници на царинарници

Примерок доставен за: Интерна употреба

Оригиналот се чува во: Сектор за административни и технички работи
Архива

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**
**Сектор за xxx – Одделение за xxx / Одделение за xxx / Царинарница xxx**

03.10.00.ПЦ.004.02-ОБ.01.02

До
Име и презиме, функција
Сектор за финансиски прашања

**Предмет: Барање за обезбедување финасиски средства**
**Врска : xxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxx**

**ИТНО**

Почитувани,

Секторот за xxx/Одделението за xxx/Царинарница xxx има потреба за спроведување на постапка за набавка согласно член 40 од Законот за јавни набавки, за набавка на „Xxxxxx".

Станува збор за набавка која не е планирана и се јавува инцидентно во текот на годината, а која не ги надминуваа лимитите утврдени во член 40 од Законот за јавни набавки, или за набавка која дури и ако се повторуваа во текот на годината, нема да ги надмине зададените лимити на годишна основа. Истата е потребна поради xxxxxxxxx.

Вкупната проценета вредност на набавката без вклучен ДДВ во денарска противвредност[1] од XXXX евра изнесува XXXXX денари.

Вкупната проценета вредност на набавката со вклучен ДДВ (x%) изнесува XXXXX денари.

Ве молиме да не известите, дали за оваа намена може да се обезбедат предметните финансиски средства.

Со почит,

функција
име и презиме

Бр. xxxxxxxxxxxx
Место, xxxxxxxxxxг.

---

[1] За пресметување да се користи средниот курс кој е објавен на веб страната на Народна банка

Доставено преку ЕДМС до:
- Сектор за финансиски прашања

Изработил: xxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxx
Одобрил:xxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxx
Согласен: xxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxxx